# Општина Охрид

## Физибилити анализа

## Оценка на оправданоста за долгорочно задолжување на Општина Охрид со цел отплата на стари долгови

Изработено од: ПоинтПро Консалтинг, ДОО Скопје

Јули, 2021

# Содржина


| Општина Охрид – Финансиска Анализа | |
|---|---|
| Цели на физибилити анализата | 3 |
| Општина Охрид – Моментална ситуација | 4 |
| Тековно оперативни приходи - проекции | 5 |
| Споредбени сценарија на отплата на долг | 6 |
| Клучни придобивки од брзото сервисирање на доспеаниот долг преку банкарски заем | 7, 8 |
| Главни наоди и заклучоци | 9 |
| Професионално мислење | 10 |
| Прилози | 11 |

# Цели на физибилити анализата

- Вкупниот тековен долг на Општина Охрид, заклучно со 31 март, 2021 година, изнесува скоро 296 милиони денари. Добар дел од обврските ги сочинуваат и затезните камати на доспеан долг, како и трансакциски и извршни трошоци.
- Целта на оваа физибилити анализа е неколкукратна:
  1. Да покаже дали постои финансиска и економска правданост за задолжување на општината во деловна банка со цел исплата на неисплатени обврски од претходните години притоа имајќи ги во предвид сите предност и ризици од ваквиот нацин на раздолжување на општината.
  2. Да спроведе анализа за способноста на должината за задолжување на долг рок, наспрема: (а) законските ограничувања, и (б) способноста на Општина Охрид да генерира соодветни приходи над редовните тековно-оперативни расходи.
  3. Да направи финасиска споредба и валуација на двете можни сценарија во отплата на долгот, т.е.:
     i. Сопствена отплата на долгот според годишниот буџет и можности
     ii. Брза исплата на сите доспеани обврски по долгот преку доглорочен заем од деловна банка и отплата на годишен ануитет според можноста на Општина Охрид на долг рок.
  4. Да ги анализира и коментира сите други не-финансиски и стратешки придобивки поврзани со исплатата на долгот

# Општина Охрид – Моментална ситуација

- Моментално, Општина Охрид има вкупен долг во износ од 295,753,912.00 денари, кој се состои од камати, главници заедно со процесни и извршни трошоци.
- Во продолжение покажана е сумарна табела на структурата на овој долг.

| Долг за отплата | Правосилни Извршни постапки | Неповедени постапки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Камати | 113,864,807 | 11,115,442 | **124,980,249** |
| Главница + процесни и извршни трошоци | 107,480,072 | 63,293,591 | **170,773,663** |
| **Вкупен долг** | **221,344,879** | **74,409,033** | **295,753,912** |

- Со овие акумулирани долгови, сметките на општината се блокирани. Најзначајното негативно влијание од ова блокирање е неможноста на планирање повеќегодишни капитални и стратешки проекти за развој на општината.
- Според решение на Основниот Суд - Охрид, на општината се определуваат минимум средства кои се неопходни за вршење на основната дејност врз кои не може да се спроведе извршување од страна на трезорската сметка при Народна Банка на РСМ во износ од 50,150,000.00 денари за секој месец.
- Доколку општината генерира дополнителни тековно оперативни приходи, тие средства се користат директно за наплата на долгот. Со друго зборови, општината моментално не е во можност да планира и инвестира во долгорочни капитални проекти, и воопшто да го планира на оптимален начин извршувањето на буџетот.

# Тековно оперативни приходи - проекции

- Во последните три години (2018 – 2020) реализираните тековно оперативни приходи (Т.О.П.) бележат мал пад од скоро 536,500,000 денари во 2018 до скоро 481,000,000 денари во 2020 година. Причината за намалување на Т.О.П. во 2020 година е резултатот од ефектот на CoVid-19 вирус пандемијата врз целокупната економија.
- Од друга страна, како економијата закрепнува, така се очекува зголемување на проценките за Т.О.П. за 2021 година, или Т.О.П. од 535,000,000 денари.
- Начинот на кој се проектирани приходите за следните години (2022 – 2030 година) е користење на предвидените стапки на раст на Бруто Домашниот Производ (БДП) од Министерство на Финансии (Фискална Стратегија на РСМ), намалени со коефициент на резерва во однос на вкупната економија.
- Овие Т.О.П. се очекуваат да достигнат до 535,000,000 денари во 2021 и според проценките за раст до 2030 година да достигнат 766,000,000 денари.
- Проекциите на идните Т.О.П. се важни за одлучување на задолженоста преку банки. Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, кој вели дека ануитетот (ратата) за отплата на кредитот (главница + камата) не смее да изнесува над **30%** од Т.О.П. од претходната година.
- Во продолжение, на следниот слајд следува презентирање на сценаријата за раздолжување на општината.

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Охрид** | | | | Раст на БДП | 4.60% | 5.20% | 5.60% | 5.90% | 5.70% | 5.50% | 5.50% | 5.50% | 5.50% |
| Проекции на тековно оперативни приходи | | | | Коефициент | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 |
| | | | | Проектиран раст | 3.45% | 3.90% | 4.20% | 4.43% | 4.28% | 4.13% | 4.13% | 4.13% | 4.13% |
| | **Вкупно реализирано** | | | **Проекции** | | | | | | | | | |
| **Збирни тековно оперативни приходи** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **2029** | **2030** |
| **Вкупни тековно оперативни приходи** | **536,395,513** | **492,431,054** | **480,993,586** | **534,474,389** | **552,913,755** | **574,477,392** | **598,605,442** | **625,093,733** | **651,816,490** | **678,703,920** | **706,700,457** | **735,851,851** | **766,205,740** |

# Споредбени сценарија на отплата на долг

- Вкупниот долг на Општина Охрид заклучно со 31.03.2021 година изнесува 295,753,912.00 денари. Овој долг вклучува главници, извршни и процесни трошоци како и камати.
- Во финансиската анализа предвидени се две сценарија за отплата на долгот:
  - **Сценарио 1**: Подигнување на банкарски кредит со рок на отплата 10 години, максимална годишна камата од 5% и две години грејс период; и
  - **Сценарио 2**: Сопствена отплата на долг според можностите на општината, исто така на период од 10 години
- Со банкарскиот кредит, општината ќе добие 2 години грејс период, односно трошокот за кредитот ќе биде само каматата во износ од околу 15,000,000 денари годишно. Откако грејс периодот ќе заврши општината ќе треба да сервисира анyитет од 45.8 милиони денари.
- Предвидената отплата на долгорочниот заем не надминува повеќе од 8% од Т.О.П. од претходната година за целиот проектиран период.
- Доколку општината одлучи од сопствени средства да го отплаќа долгот, просечните годишни отплата ќе изнесуваат од околу 38,000,000 денари во 2021 и најмногу до 53,000,000 денари во 2029 година.
- Финансиската споредба и заштеда е евидентна и изнесува скоро 66 милиони МКД помеѓу двете сценарија.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Камата | | | | | | | | | | |
| **Нов долгорочен кредит од банка** | **5.00%** | | | | | | | | | | |
| **Години** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **2029** | **2030** | |
| **Периоди** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **Вкупно** |
| Ануитет | 14,787,696 | 14,787,696 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | |
| Камата | 14,787,696 | 14,787,696 | 14,787,696 | 13,239,101 | 11,613,077 | 9,905,752 | 8,113,061 | 6,230,735 | 4,254,292 | 2,179,028 | **99,898,132** |
| Главница | 0 | 0 | 30,971,886 | 32,520,480 | 34,146,504 | 35,853,830 | 37,646,521 | 39,528,847 | 41,505,289 | 43,580,554 | **295,753,912** |
| **Состојба на кредит** | **295,753,912** | **295,753,912** | **264,782,026** | **232,261,546** | **198,115,041** | **162,261,212** | **124,614,691** | **85,085,843** | **43,580,554** | **0** | |
| | Затезна камата | | | | | | | | | | |
| **Сопствена отплата на долг** | **9.0%** | | | | | | | | | | |
| **Години** | | | | | | | | | | | |
| **Периоди** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **2029** | **2030** | **Вкупно** |
| Почетна состојба на долг | 295,753,912 | 283,753,912 | 268,753,912 | 250,753,912 | 230,753,912 | 205,753,912 | 173,753,912 | 136,753,912 | 94,753,912 | 47,753,912 | |
| Годишна исплата на долг | 12,000,000 | 15,000,000 | 18,000,000 | 20,000,000 | 25,000,000 | 32,000,000 | 37,000,000 | 42,000,000 | 47,000,000 | 47,753,912 | **295,753,912** |
| Годишна затезна камата | 26,077,852 | 24,862,852 | 23,377,852 | 21,667,852 | 19,642,852 | 17,077,852 | 13,972,852 | 10,417,852 | 6,412,852 | 2,148,926 | **165,659,595** |
| Вкупен годишен расход (долг + камата) | 38,077,852 | 39,862,852 | 41,377,852 | 41,667,852 | 44,642,852 | 49,077,852 | 50,972,852 | 52,417,852 | 53,412,852 | 49,902,838 | **488,031,359** |
| **Крајна состојба на долг** | **283,753,912** | **268,753,912** | **250,753,912** | **230,753,912** | **205,753,912** | **173,753,912** | **136,753,912** | **94,753,912** | **47,753,912** | **0** | |
| **Разлика во годишни расходи за камата** | **11,290,156** | **10,075,156** | **8,590,156** | **8,428,751** | **8,029,775** | **7,172,100** | **5,859,792** | **4,187,118** | **2,158,560** | **-30,102** | **65,761,462** |
| Годишно тековно оперативни приходи | 534,474,389 | 552,913,755 | 574,477,392 | 598,605,442 | 625,093,733 | 651,816,490 | 678,703,920 | 706,700,457 | 735,851,851 | 766,205,740 | |
| Вкупен максимален процент на годишна отплата | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | |
| Вкупен максимален износ на годишна отплата | 160,342,317 | 165,874,127 | 172,343,218 | 179,581,633 | 187,528,120 | 195,544,947 | 203,611,176 | 212,010,137 | 220,755,555 | 229,861,722 | |
| Предвидена годишна отплата на долг од банка | 14,787,696 | 14,787,696 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | |
| Предвиден процент на отплата во однос на Т.О. Приходи | 3% | 3% | 8% | 8% | 8% | 7% | 7% | 7% | 6% | 6% | |
| **Разлика од максимална и предвидена отплата на долг** | **145,554,621** | **151,086,431** | **126,583,636** | **133,822,051** | **141,768,538** | **149,785,365** | **157,851,594** | **166,250,556** | **174,995,974** | **184,102,140** | |

# Клучни придобивки од брзото сервисирање на доспеаниот долг преку банкарски заем

- Од споредбата на двете сценарија евидентна е финансиската валуација и разлика на двете сценарија. При брза отплата на долгот преку долгорочен банкарски заем со грејс период од две години се заштедуваат скоро 66 милиони денари, или просечно околу 6.6 милиони денари годишно. Ова е значаен буџет за Општина Охрид за финансирање на разни стратешки проекти и иницијативи.
- Преку елиминирање на сите доспеани обврски, уште во текот на третиот квартал на 2021 година, Основниот Суд во Охрид ќе ја запре одлуката за блокирање на општината.
- Тоа отвара стратешка можност и претпоставка за остварување на неколку меѓусебно поврзани стратешки придобивки и цели на долг рок елаборирани на следната страна.
  - Непречено стратешко планирање на долг рок и непречено извршување на буџетот,
  - Можност за планирање на значителни капитални проекти и нивно непречено финансирање,
  - Непречено остварување на стратешките цели на Општина Охрид на среден до долг рок и подобрување на економскиот просперитет и квалитетот на животот на локалното население.

# Клучни придобивки од брзата отплата на доспеаниот долг преку банкарски заем

I. **Непречено стратешко планирање на долг рок и непречено извршување на буџетот:**

- Сметката на Општина Охрид не е блокирана и се остварува непречено извршување на буџетот и сите расходни ставки во секој месец од годината поради значителниот сезоналитет. Не постојат притисоци од лимитирање на месечните приходи и прелевање на месечно ниво.
- Стратешко планирање на подолг рок на капитални проекти од стратешко значење за општината (комунална и социјална инфраструктура и поддршка на ЛЕР)

II. **Можност за планирање на значителни капитални проекти и нивно непречено финансирање :**

- За значајни стратешки проекти за општината од капитален карактер, во сценарио со одблокирана сметка, таа ќе може дополнително да се задолжи до законскиот лимит (минимум до 3 до 4 пати од сегашново предложено задолжување), и навремено да ги спроведе на среден рок од 3 до 5 години.

III. **Непречено остварување на стратешките цели на Општина Охрид на среден до долг рок и подобрување на економскиот просперитет и квалитетот на животот на локалното население.**

- Ваквите стратешки капитални проекти ќе имаат дополнително значително влијание и директни економски придобивки (приходи во општината) како и индиректни економски придобивки (вработување, поттикнување на туризмот, и зголемени инвестиции од приватните бизниси). Со сето тоа, и повисок економски стандард.

# Главни наоди и заклучоци

- Вкупниот долг на Општина Охрид заклучно со 31.03.2021 година изнесува скоро 296 милиони денари.
- Во финансиската анализа предвидени се две сценарија за отплата на долгот:
  - **Сценарио 1**: Подигнување на банкарски кредит со рок на отплата 10 години, максимална годишна камата од 5% и две години грејс период; и
  - **Сценарио 2**: Сопствена отплата на долг според можностите на општината
- Придобивките од брза отплата преку банкарски заем вклучуваат:

I. **Драстично помал одлив на средства** во првите две години од скоро 15 милиони денари годишно (грејс период вклучува само исплата на камата).
   - За споредба, годишната отплата (главници и камати) според сценариото за сопствена отплата изнесува скоро 40 милиони денари годишно, или 80 милиони денари за две години. Ефектот од грејс периодот ќе овозможи заштеда, или достапни средства за планирање, во износ од околу 50 милиони денари.

II. **Заштеда на средства** поради помала вкупна исплата на камата со минимален износ од 65,761,462 денари:

III. Како една од најклучните и важни придобивки е **одблокирањето на сметките на општината** со што ќе се добие можност за непречено планирање и извршување на буџетот и долгорочно стратешко планирање на капитални проекти.

- Физибилити студијата претставува основ за јавна дебата согласно законските прописи.

# Професионално мислење

- **Со придобивките од подигнување на банкарски заем во споредба на алтернативата (сопствена отплата на долг) се овозможува квалитетно и непречено работење и инвестирање во капитални проекти на Општина Охрид како и финансиска заштеда од скоро 66,000,000 денари од помали исплати за камати.**

- **Затоа, се препорачува Општина Охрид да објави јавен повик за прибирање на понуди за подигнување на долгорочен банкарски заем од страна на постоечките комерцијални банки во земјата. Заемот да се структурира со времетраење од вкупно 10 години и грејс период од минимум 2 години. Максималната каматна стапка на јавниот повик за прибирање на понуди ќе изнесува 5% на годишно ниво.**

# Прилози

- Проекции на Т.О.П. на Општина Охрид за период 2021 – 2030
- Споредбени сценарија на отплата на долг

**Prilog 2 - Obrazec K1**

**Општина Охрид**

Историска финансиска анализа и проекции на идните Т.О.П.

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Раст на БДП | | 4.60% | 5.20% | 5.60% | 5.90% | 5.70% | 5.50% | 5.50% | 5.50% | 5.50% |
| | | | | Коефициент | | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 | 0.75 |
| | | | | Проектиран раст | | 3.45% | 3.90% | 4.20% | 4.43% | 4.28% | 4.13% | 4.13% | 4.13% | 4.13% |
| | **Вкупно реализирано** | | | **Проекции** | | | | | | | | | | |
| **Збирни тековно оперативни приходи и расходи** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **2029** | **2030** |
| **Вкупни тековно оперативни приходи** | **536,395,513** | **492,431,054** | **480,993,586** | **534,474,389** | **552,913,755** | **574,477,392** | **598,605,442** | **625,093,733** | **651,816,490** | **678,703,920** | **706,700,457** | **735,851,851** | **766,205,740** |

**Општина Охрид**

Споредбена анализа за две сценарија на отплата на постоечки долг

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Камата | | | | | | | | | | |
| **Нов долгорочен кредит од банка** | 5.00% | | | | | | | | | | |
| **Години** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **2029** | **2030** | |
| **Периоди** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **Вкупно** |
| Ануитет | 14,787,696 | 14,787,696 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | |
| Камата | 14,787,696 | 14,787,696 | 14,787,696 | 13,239,101 | 11,613,077 | 9,905,752 | 8,113,061 | 6,230,735 | 4,254,292 | 2,179,028 | **99,898,132** |
| Главница | 0 | 0 | 30,971,886 | 32,520,480 | 34,146,504 | 35,853,830 | 37,646,521 | 39,528,847 | 41,505,289 | 43,580,554 | **295,753,912** |
| **Состојба на кредит** | **295,753,912** | **295,753,912** | **264,782,026** | **232,261,546** | **198,115,041** | **162,261,212** | **124,614,691** | **85,085,843** | **43,580,554** | **0** | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Затезна камата | | | | | | | | | | |
| **Сопствена отплата на долг** | 9.0% | | | | | | | | | | |
| **Години** | | | | | | | | | | | |
| **Периоди** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **2029** | **2030** | **Вкупно** |
| Почетна состојба на долг | 295,753,912 | 283,753,912 | 268,753,912 | 250,753,912 | 230,753,912 | 205,753,912 | 173,753,912 | 136,753,912 | 94,753,912 | 47,753,912 | |
| Годишна исплата на долг | 12,000,000 | 15,000,000 | 18,000,000 | 20,000,000 | 25,000,000 | 32,000,000 | 37,000,000 | 42,000,000 | 47,000,000 | 47,753,912 | **295,753,912** |
| Годишна затезна камата | 26,077,852 | 24,862,852 | 23,377,852 | 21,667,852 | 19,642,852 | 17,077,852 | 13,972,852 | 10,417,852 | 6,412,852 | 2,148,926 | **165,659,595** |
| Вкупен годишен расход (долг + камата) | 38,077,852 | 39,862,852 | 41,377,852 | 41,667,852 | 44,642,852 | 49,077,852 | 50,972,852 | 52,417,852 | 53,412,852 | 49,902,838 | **488,031,359** |
| **Крајна состојба на долг** | **283,753,912** | **268,753,912** | **250,753,912** | **230,753,912** | **205,753,912** | **173,753,912** | **136,753,912** | **94,753,912** | **47,753,912** | **0** | |
| **Разлика во годишни расходи за камата** | **11,290,156** | **10,075,156** | **8,590,156** | **8,428,751** | **8,029,775** | **7,172,100** | **5,859,792** | **4,187,118** | **2,158,560** | **-30,102** | **65,761,462** |
| Годишно тековно оперативни приходи | 534,474,389 | 552,913,755 | 574,477,392 | 598,605,442 | 625,093,733 | 651,816,490 | 678,703,920 | 706,700,457 | 735,851,851 | 766,205,740 | |
| Вкупен максимален процент на годишна отплата | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | |
| Вкупен максимален износ на годишна отплата | 160,342,317 | 165,874,127 | 172,343,218 | 179,581,633 | 187,528,120 | 195,544,947 | 203,611,176 | 212,010,137 | 220,755,555 | 229,861,722 | |
| Предвидена годишна отплата на долг од банка | 14,787,696 | 14,787,696 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | 45,759,582 | |
| Предвиден процент на отплата во однос на Т.О. Приходи | 3% | 3% | 8% | 8% | 8% | 7% | 7% | 7% | 6% | 6% | |
| **Разлика од максимална и предвидена отплата на долг** | **145,554,621** | **151,086,431** | **126,583,636** | **133,822,051** | **141,768,538** | **149,785,365** | **157,851,594** | **166,250,556** | **174,995,974** | **184,102,140** | |